International Baccalaureate primary school

## ООУ„Браќа Миладиновци“

## АЕРОДРОМ

# ЗАЕДНО
# TOGETHER



## УЧИЛИШЕН ВЕСНИК

Среда, 29.11.2023 г.

Број 1

# НАШЕТО УЧИЛИШТЕ



## БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ



### Каде и кога живееле?

Браќата Миладиновци живееле во 19 век.Биле основоположници на македонската преродба, поборници за културната слобода на својот народ, за својот мајчин јазик.Тие се родени во Струга, во сиромашно грнчарско семејство. Димитар Миладинов е роден 1810 година, а неговиот брат Константин Миладинов е роден 1830 г.

### Достигнувања на Димитар Миладинов

Неговата преродбеничка дејност се состои во тоа што го исфрлил грчкиот јазик од училиштата и на негово место го вовел македонскиот јазик, но ѝ во напорната собирачка дејност која ја крунисал со издавањето на „Зборникот на народни умотворби" објавен во Загреб 1861 година.

### Достигнувања на Константин Миладинов

Тој по студиите во Атина, заминува во Москва за да студира словенска филологија. Таму ја напишал најсилната и најубавата песна **„Т'га за југ"** во која мечтае по својот роден крај. Константин станува основоположник на македонска уметничка поезија. Неговите песни претставуваат висок уметнички дострел.

***Печатењето на зборникот било финансирано од хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, за што Константин во посветета му искажува голема благодарност. Ова епохално дело содржи 584 песни од разни краишта на Македонија (Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Велес, Дебар, Кукуш, Костур и др.)***



**Константин Миладинов** напишал една од најпознатите македонски песни, **“Т’га за југ”**, во 1860 година, додека студирал словенска филологија на Императорскиот универзитет во Москва. Песната има 70 преводи, на 42 јазици и секоја година се отвораат Струшките вечери на поезијата со оваа песна.




Делото на браќата Миладиновци ќе остане засекогаш вткаено во срцата на секој Македонец. Нивото значење е огромно не само за македонската литература туку и за нашата историја.

Горди сме што се наши ПАТРОНИ и што го носиме нивното име.

## Нашето училиште е наш **втор дом** и во него се остварува секој **наш сон.**

## ТГА ЗА ЈУГ

Орелски крилја как да си метнех,
И в наши ст’рни да си прелетнех!
На наши места ја да си идам,
Да видам Стамбол, Кукуш да видам,
Да видам дали с’нце и тамо
Мрачно угревјат како и вамо.

Ако как овде с’нце ме стретит,
Ако пак мрачно с’нцето светит
На п’т далечни ја ќе се стегнам
И в други ст’рни ќе си побегнам,
К’де с’нцето светло угревјат,
К’де небото ѕвезди посевјат.

Овде је мрачно и мрак м’ обвива
И темна м’гла земја покрива:
Мразој и снегој и пепелници,
Силни ветришча и вијулици;
Околу м’гли и мразој земни,
А в гр’ди студој и мисли темни.

Не, ја не можам овде да седам,
Не, ја не можам мразој да гледам!
Дајте ми крилја ја да си метнам,
И в наши ст’рни да си прелетнам:
На наши места ја да си идам,
Да видам Охрид, Струга да видам.

Тамо зората греит душата
И с’нце светло зајдвит в гората:
Тамо дарбите природна сила
Со с’та роскош ги растурила:
Бистро езеро гледаш белеит
Или од ветар сино – темнеит;
Поле погледниш или планина,
Сегде божева је хубавина.

Тамо по срце в кавал да свирам,
С’нце да зајдвит, ја да умирам.

Константин Миладинов



# НАШАТА ОПШТИНА



## АЕРОДРОМ

Нашата општина е најубава и најсовремена. Среќни сме што сме дел од неа. Има многу паркови, зеленило, фонтани, многу детски игралишта и спортски терени.

*Градежните зафати за целосна реконструкција на внатрешноста, како дел од процесот за обезбедување современи услови за настава во нашето училиште.*







**Градоначалникот Тимчо Муцунски, раководителот на образование Тане Димовски и претседателот на Советот Дејан Митевски им посакаа среќен почеток на првоодделенците.Во изминатиот период општината ги обезбеди сите услови за успешен почеток на учебната 2023/24 година.**



**Почит и љубов кон татковината со интонирање на државната химна. Со радост, гордо ја пееме во еден глас.**

Нашата општина секогаш вложува во подобрување на условите за учење во нашето училиште.

**Таблет за секој ученик од четврто одделение.**









# Најкул настани во училиштето

Нашето училиште е дел од едукативната кампања kreniglas.mk "Макпетрол" : потребно е заедно да кренеме глас против булингот. Во таа насока на ден 7.11.2023 се реализираа 4 едукативни работилници Работилниците беа реализирани од страна на ценетата гостинка Деспина Стојановска, системски и семеен психотерапевт заедно со домаќинката училишниот психолог Соња Фортуманова и секако со непроценлив креативен и активен придонес на нашите ученици од 6, 7, 8 и 9то одделение.
Стоп за булинг!






На ден 26.10.2023 наши ученици заедно со психологот присуствуваа на презентација на Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) на Филозофски факултет.

Од вредните рачиња на малите првачиња од Iб одделение со Одд. наставнички Татјана Бурник и Наталија Ч. Арсовска.



## ЕРАЗМУС +, Е-ТВИНИНГ, ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

# Најново од нашите проекти



***Еразмус + проект „Чекор поблиску до среќен училишен почеток”***



ВО РАМКИТЕ НА ЕРАЗМУС + ПРОЕКТОТ „ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО СРЕЌЕН УЧИЛИШЕН ПОЧЕТОК”,ВО ПЕРИОД ОД 08 – 15.10.2023 ГОДИНА БЕШЕ РЕАЛИЗИРАНА МОБИЛНОСТ ВО БОЛОЊА, ИТАЛИЈА. ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈДГОА “СРНИЧКА” И ООУ “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” ЗЕДОА АКТИВНО УЧЕСТВО НА ТРАНСНАЦИОНАЛНАТА ОБУКА ОРГАНИЗИРАНА ОД СТРАНА НА ПАРТНЕРОТ-ПРОВАЈДЕР НА ОБУКАТА: АКАДЕМИЈА ЗА УЧЕЊЕ ЕРАЗМУС+ (ELA – ERAZMUS LEARNING ACADEMY).

***E-twining proekt „Ден на јаболката, ден на здрава храна“***





ЗАЕДНО СО 100 ДРУГИ УЧИЛИШТА ОД ХРВАТСКА, СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА, ТУРЦИЈА И ДРУГИ ЗЕМЈИ. ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЈАБОЛКОТО 21 ОКТОМВРИ УЧЕНИЦИТЕ ОД IVБ ОДДЕЛЕНИЕ НАПРАВИЈА ЕКО КАМПАЊА - ПОДАРУВАА БРОШУРИ КОИ САМИ ГИ КРЕИРАА И СВЕЖО ЈАБОЛКО НА ВРАБОТЕНИ, РОДИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО. СО ТОА ПРИДОНЕСОА ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ОД КОРИСТА ОД КОНСУМИРАЊЕ НА ЈАБОЛКА И ВООПШТО ЗДРАВА ХРАНА.



**Елена Илиевска и Јасмина Нацева**

# ИНОВАТИВНИ ЧАСОВИ




**Учениците од V - б одд истражуваа и изработија експерименти за вулкани.**

**Беа во посета на ,,Сеизмолошка опсерваторија" каде што ги видоа инструментите со кои се мерел интензитетот на земјотресите во минатото, но и оние современите со кои се мерат земјотресите во поново време.**

**Експериментот, истражувањето и посетата беа дел од мотивирачките и интересни часовите по предметот Природни науки.**







ОКТОМВРИ, 2023

***ПРИРОДНИ НАУКИ ВО V Б ОДДЕЛЕНИЕ***

**Елена Илиевска и Јасмина Нацева**

# ИНОВАТИВНИ ЧАСОВИ









Истражувавме и научивме за земјотреси, цунами... Посетивме „Сеизмолошка опсерваторија" каде што ги видовме инструментите со кои се мерел интензитетот на земјотресите во минатото, но и оние современите со кои се мерат земјотресите во поново време.

# ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ





Есен покрај езерото

Есента дојде
и бесрамно боите
на природата си сменѝ
додека ги гледаме летото
како полека пројде

Лисјата на дрвјата
покрај езерото во ноќта се сеќа,
само што видов една
птица од студот
како беше.

Погледот кон езерото
во есен не е ист
се носиш е во есенски бои
а од дрвото падна
еден златен сув лист.

Симона Пејаковиќ VIIб-одд

Симона Пејаковиќ VIб

**ДЕТСКО ДРУГАРСТВО**

Бели, црни, полни, слаби..сите сме едно
Здружени во другарство вредно.
Секој еден со друг се друже
И во неволја рака знае да пружи.

Рака под рака, срце до срце
сите сме заедно во детските игри.
Имаме ние и наши предизвици
Од кои излегуваме како вистински победници.

Чуваме тајни и раскажувани приказни наши,
Во нашиот свет на пријателство, ние не сме вистината,
Имаме само по десет години, а веќе
Знаеме за вистинско другарство.

Ведран Гилевски, V –в одделение

Ведран Гилевски Vв



Есента крај езерото

Ивана Мицевска VII-Б

Врз езерото листовите паѓаат
Децата со шишарки гаѓаат
Ниско над небото птицата лета
Нема поубава глетка

Луѓето седат и чаеве пијат
Боите на езерото се лијат
Сонцето сјајно сјае
Воопшто не се крие.

Верверичките се смеат
Врапчињата пеат
Добрите луѓе ги хранат
Животните крај езерото.

Ивана Мицеска VIIб



Есен покрај езерото

Есента дојде
со сите свои бои,
а ти гледаш трагот на летото
како пројде
со игрите летни
весели мои.

Есента со своите убавини
природата ја краси,
а есенски украси
домовите имаат
на сите свои маси.

езерото исто
со златни есенски листови
е полно,
а патките во ладното езеро
од студ пливаат бавно.

Во есен покрај езерото
секој сака да седи,
да ги гледа убавините и убавите бои
што есента ги ги реди.

Лана Пејаковиќ VIIб

Лана Пејаковиќ VIIб



# ЛИКОВЕН КЛУБ



Ева Ристовска IXв (фламинго)



Ивана Велјаноска VIв( орнамент, цветови)



Ања Петковиќ IXа (Прозорец)




Калина Батев IXв (Мртва природа



Магдалена Петрева IXв(Папагал)



Ивана Велјаноска VIв(колаж, Папагал)



# ЛИКОВЕН КЛУБ



Јана Кепеска IXа(Град во далечина)




Сара Стојчевска Vа (Мост)





Ученици од III одделение(Риби) (Цвет)







Ученици од II одделение(Есен)



Борјана Стрезовска VIв(Дрво)



Леона Врбовска IIIб (Есенска убавица)

# СПОРТСКИ УСПЕСИ



I место на Општински натпревар во одбојка

На Општинскиот натпревар во одбојка нашите одбојкари: Димитар Костадиновски, Виктор Савески, Лука Ласло и Горјан Ковачевски од IXб одделение, Гоце Тумановски, Андреј Марковски, Милан Пајовиќ, Лука Лазовски од IXв одделение, и Филип Ѓорѓиевски од VIIIб одделение под менторство на наставникот по ФЗО, Оливер Миленковски го освоија првото место.




Ова ми е најинтересно




# ЗАНИМЛИВОСТИ



**Македонскиот рудник „Алшар“ на планината Кожув е единственото наоѓалиште на лорандит и талиум во светот. Од 2008 год. рудникот е прогласен за споменик на природата и дел од мрежата на “Емералд“ - мрежа за заштита на природни реткости.**

***СО НЕГОВА ПОМОШ МОЖЕ ДА СЕ ПРАВАТ ЕКСПЕРИМЕНТИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВСЕЛЕНАТА И ДА СЕ РЕГИСТРИРААТ НАЈСТАРИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ВСЕЛЕНАТА.***

***ЛОРАНДИТ ОД РУДНИКОТ МОЖЕ ХЕМИСКИ И ФИЗИЧКИ ДА ГО РЕГИСТРИРА Т.Н. НЕУТРОНСКИ ФЛУКС ШТО ДОАЃА ОД СОНЦЕТО.***

***СПОРЕД КОЛИЧЕСТВОТО РУДА ВО РУДНИКОТ, СЕ ПРОЦЕНУВА НА ОКОЛУ 1,5 МИЛИЈАРДА ЕВРА.***

***СПОРЕД ДОСЕГАШНИТЕ СОЗНАНИЈА, ВО „АЛШАР" ИМА НАЈМАЛКУ 500 ТОНИ ТАЛИУМ, КОЈ СЕ НАОЃА ВО ЛОРАНДИТОТ.***

***ВРЕДНОСТА НА КИЛОГРАМ ТАЛИУМ НА СВЕТСКИТЕ БЕРЗИ Е ОКОЛУ 5 000 ЕВРА.***

204.3833 81
$4f^{14}5d^{10}6s^{2}6p^{1}$
Ti
Melting point: 303.5°C
Boiling point: 1457°C
THALLIUM



ИЗДАВА
ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

директор

**АНЕТА ВЕЛКОСКА**



ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ



**СУНЧИЦА ПЕТРЕВА**



**ЖАКЛИНА РИСТОВСКА**

## УЧЕНИЦИ НОВИНАРИ

Јована Атанасовска IVа одд.
Лана Јанева IVа одд.
Сандра Гоџо IVб одд.
Миа Стаменкова IVв одд.
Меглена Небеска
Чиплаковска Vа одд.
Бојана Неловска Vб одд.
Ведран Гилевски Vв одд.

## УЧЕНИЦИ НОВИНАРИ

Кристина Ѓошевска VI б одд.
Матеј Евгелиевски VI б одд.
Андреј Шоповски VII б одд.
Сташа Пејаковиќ VII б одд.
Лана Пејаковиќ VII б одд.
Искра Маловска VII б одд.
Софија Јовановиќ VII б одд.
Дамјан Арсов VIII а одд.
Матеј Тодоровски VIII а одд.
Јана Неловска IXб одд.
Елени Шоптрајанова IXб одд.
Ангела Азмановска IXб одд.

ЛЕКТОР
**СУНЧИЦА ПЕТРЕВСКА**

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА
**ЖАКЛИНА РИСТОВСКА**

## КОНТАКТ
## CONTACT

brakamiladinovci_skopje@yahoo.com

# ЗАЕДНО

## со нови предизвици,
## другаруваЊа и знаеЊа

